Europäisches Patentamt
European Patent Office
Office européen des brevets




# Систем на Унитарен Патент

## Поедноставен и поширок патент заштита за помал трошок

**Септември 2024 година**

# Унитарниот патент

го дополнува и зајакнува постоечкиот централизиран Европски систем за доделување патенти. Заедно со Обединетиот суд за патенти им нуди на корисниците економична опција за заштита на патенти и за решавање спорови ширум Европа, стимулирајќи истражување, развој и инвестиции во иновации.



Европските патенти се потентни средства со кои им се овозможува на иновативните претпријатија да привлечат инвестиции, да ги направат доходовни зделките за лиценцирање, заштита на нивниот удел на пазарот и проширување на нивниот бизнис. Меѓутоа, валидирањето, одржувањето и спроведувањето на Европските патенти може да биде скапо и сложено. Новиот Унитарен патент ја прави поедноставна, поевтина и поефективна заштитата на пронајдоците ширум Европа, но исто така воведува помалку сложен, централизиран систем за разрешување спорови при што нуди поголема правна сигурност.

# Од купче национални патенти…

Од 1970-те, Европскиот патентен завод (ЕПЗ) нуди единствен централизиран процес на доделување патенти во Европа. Патент-апликациите доставени на англиски, француски или германски екстензивно се испитуваат за да се знае дека соодветните патенти се од најдобар можен квалитет. По оваа централизирана постапка за признавање на патентот, носителот може да добие заштита во 45 држави. Сепак, доделениот Европски патент не е унитарно право, туку купче од национални патенти, што значи дека треба да се валидира и одржува поединечно во секоја држава каде што има ефект – процес што може да биде бавен и скап.



**Доделениот Европски патент не е унитарно право, туку пакет од национални патенти, што значи дека треба да се валидира и одржува поединечно во секоја држава – процес што може да биде тром и скап.**



# ... до поединечно унитарно право

Унитарниот патентен систем ги елиминира овие недостатоци за државата-членка на ЕУ што учествува: новиот **Европски патент со унитарен ефект („Унитарен патент“)** нуди поедноставен начин за униформна и поширока територијална патентна заштита, при што значително ги намалува бирократијата и трошоците. Централизираната постапка пред доделување Европски патент сега е надополнета со централизирана постапка за после доделување патент: наместо да го валидираат Европскиот патент во неколку држави поединечно, носителите на патент може да стекнат Унитарен патент со тоа што ќе доставаат единствено барање во ЕПЗ, којшто дејствува како едношалтерски систем кој истовремено е одговорен за централно администрирање на Унитарниот патент и поврзаните давачки.

Новиот Европски патент со унитарен ефект нуди поедноставен начин за униформна и поширока територијална заштита, значително намалувајќи ја бирократијата и трошоците.

# Како функционира?

Унитарниот патент го надополнува постоечкиот Европски систем на патенти, а не го заменува. Иновативните бизниси ширум светот можат да изберат дали ќе се упатат на националната рута за валидирање на нивниот Европски патент во една или повеќе држави-учеснички или ќе се одлучат за заштита на Унитарен патент. Или може да го комбинираат новиот систем со постоечкиот и да имаат Унитарен патент покрај потврдата на нивниот класичен Европски патент во други ЕПК-држави-учеснички кои или не учествуваат во новиот систем на Унитарен патент или се уште не пристапиле на Договорот за обединет суд на патенти (UPCA).

**Унитарниот патент го надополнува постоечкиот систем, а не го заменува. Иновативните бизниси ширум светот ќе можат да изберат дали да се упатат на националната рута и да бараат заштита на Унитарен патент или да го комбинираат новиот систем со постоечкиот.**



# Како се стекнува?

Пред носителите на Унитарен патент да бидат регистрирани од ЕПЗ, тие прво треба да стекнат Европски патент. Тоа значи дека мора да се достави апликација за Европски патент и истата да биде процесирана според познати правила и постапки на коишто им веруваме според Европската патент конвенција. Она што е ново е тоа што посточеката централизирана постапка пред-доделување сега е надополнета со централизирана ЕПЗ-постапка по доделување.

Постапката за добивање Унитарен патент е едноставна и непосредна: Европскиот патент мора да бил доделен со истиот сет на барања, во смисла на државите-учеснички на ЕУ. Потоа, барањето унитарен ефект треба да се достави во рок од еден месец од доделувањето на Европскиот патент, а може да се достави и порано, во кое било време по известувањето дека сте добиле одлука за доделување. Освен во првичен преоден период, Унитарниот патент нема да бара преводи по доделувањето. ЕПЗ ќе го разгледа барањето за унитарен ефект и ќе регистрира Унитарен патент доколку се исполнети условите.

**Постапката за добивање Унитарен патент е едноставна и непосредна: Носителите прво треба да стекнат Европски патент, а потоа ќе треба да се достави барање за унитарен ефект.**

# Колку чини?

Барањето Унитарен ефект е сосема бесплатно, т.е., нема на ЕПЗ да му се плаќаат давачки за обработка, разгледување или регистрација.

Давачката за обновување на Унитарен патент е фиксирана на мошне привлечно и деловно ниво: вкупниот трошок за негово одржување во првите десет години, што е просечниот век на Европски патент, ќе биде помалку од 5.000 ЕУР.

Споредбите на давачките и индиректните трошоци покажуваат дека вкупниот трошок на Унитарен патент ќе биде значително помал од трошокот што сега се прави при валидирање и одржувањето на класичниот Европски патент во четири држави.

Целосниот капацитет за заштеда на Унитарниот патент станува јасен кога заштедите од поедноставената администрација стануваат фактор во равенката. Во случај на класичен Европски патент, треба да се платат различни давачки за одржување, во различни износи и различни валути на различни национални патент-организации коишто, исто така, имаат и различни правни барања, особено во смисла на временските рокови. За Унитарниот патент има само една давачка за одржување која се плаќа централно на ЕПЗ во единствена валута (Евро) и преку стандардизирана постапка со еден рок и без обврска да се користи застапник.

Згора на тоа, МСП сега имаат право на надоместок од 500 ЕУР за трошоците за доставување превод на нивната првична патент-апликација на еден од трите службени јазици на ЕПЗ.

## Давачки за обновување на Унитарен патент

| | | | |
|---|---|---|---|
| – | — | 11-та година | € 1 460 |
| 2-ра година | € 35 | 12-та година | € 1 775 |
| 3-та година | € 105 | 13-та година | € 2 105 |
| 4-та година | € 145 | 14-та година | € 2 455 |
| 5-та година | € 315 | 15-та година | € 2 830 |
| 6-та година | € 475 | 16-та година | € 3 240 |
| 7-та година | € 630 | 17-та година | € 3 640 |
| 8-ма година | € 815 | 18-та година | € 4 055 |
| 9-та година | € 990 | 19-та година | € 4 455 |
| 10-та година | € 1 175 | 20-та година | € 4 855 |

— Дополнителна давачка за задоцнето плаќање на давачка за обновување = 50% од задоцнетата давачка за обновување (член 2(1), ред 2, RFeesUPP)
— Намалување на давачката за обновување од 15% во случај на лиценца на право (Правило 12, чл. 3 давачки)

**Повеќе информации за трошоците на Унитарниот патент во споредба со еквивалентна заштита во само четири водечки европски држави кај класичниот европски систем има на ЕПЗ вебсајт.**

Барањето е бесплатно, а давачката за обновување е фиксирана на мошне привлечно и деловно ниво.

# Што е со географскиот опфат?

Географскиот опфат на Унитарниот патент може потенцијално да ги опфати сите 27 држави-членки на ЕУ.

Но, за да бидете опфатен со Унитарен патент, државата-членка треба да учествува во зајакнета соработка, но и да го има ратификувано UPCA при регистрацијата на Унитарниот патент.

Географскиот опфат на даден Унитарен патент ќе остане ист во својот животен век и нема да се проширува во држави што ќе го ратификуваат UPCA откако ќе се регистрира сопственииот унитарент ефект.



25-те држави-учеснички во зајакната соработка вклучуваат 18 држави (темно сино) што го имаат ратификувано Договорот за единствен суд за унитарни патенти (UPCA) имено: Австрија, Белгија, Бугарија, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Потугалија, Романија, Словенија, Шведска; како и 7 други држави (бледо сина) коишто би можеле да се придружат на системот откако ќе го ратификуваат UPCA (имено: Кипар, Република Чешка, Грција, Унгарија, Ирска, Полска, Словачка). Доколку сакаат, Хрватска и Шпанија можат слободно да се придружат во иднина.

# Единствен суд за патенти во Европа

**Новиот Обединет суд за патенти (UPC) применува униформно материјално патентно право при одредувањето на опфатот на пренесени права и ограничувања.**

Спроведувањето на судските одлуки станува многу поедноставно кога процесот се води пред Обединетиот суд за патенти (UPC), нова наменска централна патент-јурисдикција за државите-учеснички на ЕУ со надлежност да одржува расправи поврзани со повреди, а особено за отповикувања.

Претходниот недостаток на Европски суд за патенти значеше дека патентите да се судат во паралелни предмети пред различни национални судови, а со тоа правното дејство стануваше сложено и скапо за сите страни.

Со Судот се става крај на овој недостаток. Носителите на Унитарни патенти и на класични европски патенти сега уживаат во поедноставена патентна процесна средина во државите што ја прифатиле неговата надлежност.

Обединетиот суд се состои од Основен суд, Апелационен суд и Регистер. Применува униформно материјално патентно право при одредувањето на опфатот на правата што се пренесуваат како и нивните ограничувања. Одлуките се донесуваат на мулти-национални панели составени од правни и технички квалификувани судии. Нивните одлуки ги исполнуваат највисоките стандарди за квалитет и воспоставуваат усогласена судска практика, обезбедувајќи поголема правна сигурност.

Постапките пред Судот ќе бидат поедноставни, побрзи и поефикасни. Цената на судењето, исто така, ќе биде пониска со оглед на тоа дека нема да има потреба од процес во секоја држава-членка. Малите претпријатија ќе имаат дополнителни придобивки од намалените судски давачки и, ако го изгубат спорот, ќе има пониска максимална сума за повраток на трошоците што може да и се доделат на страна-победничка.

Покрај Унитарните патенти, Судот исто така има надлежност врз класичните Европски патенти, иако ќе се применуваат некои исклучоци во предходниот период се до 31 мај 2030 година.

# Кога започна новиот систем?

Новиот Унитарен патентен систем влезе во сила **на 1 јуни 2023 година**, кога започна со работа Обединетиот суд за унитарни патенти.



**Објавено и уредено од**
European Patent Office
© EPO септември 2024 година
epo.org/unitary

**Одговорни за содржината:**
Directorate Patent Developments & IP Lab (D 5.2.1) and Unitary Patent Division (D 5.3.2.2)

**Адреса:**
Bob-van-Benthem-Platz 1 | 80469 Минхен | Германија

**Tel.:**
+49 89 2399-0

**Е-пошта:**
support@epo.org

Овој превод е поддржан од Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија.